# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.177 од 01.12.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13 и 106/13) по членот 99 се додава нов наслов и нов член 99-а кои гласат:

„Дополнителна помош за земјоделски производи

**Член 99-а**

Владата може да донесе одлука за дополнителна помош како мерка за исплата за одреден земјоделски производ чиј износ не може да изнесува повеќе од просечната цена за откуп за тој производ во производниот регион по единица мерка.

Средствата за дополнителната помош од став 1 на овој член може да се неповратни или повратни и да се враќаат најдоцна во рок од три години од денот на нивната исплата.

Во одлуката од став 1 на овој член ќе се утврди видот на земјоделскиот производ, висината на дополнителната помош за тој производ согласно критериумите утврдени во ставот 1 на овој член како и начинот на утврдување на износот и рокот за враќање на исплатените средства за дополнителната помош.

Дополнителната помош од ставот 1 на овој член ќе се исплаќа преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој како мерка предвидена во годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството."

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".